Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ -

Архивски број:04-34/19
Датум:07.02.2024 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022,) директорот на Агенцијата на правата на заедниците донесе:

ОДЛУКА
за избор по Интерен оглас број 01/2024 за унапредување на 6 (шест) административни службеници во Агенцијата за остварување на правата на заедниците

1. Раководител на Одделение за стручно-административни и општи работи, во Сектор за управување со човечки ресурси и стручно-административни и општи работи, ниво Б4, шифра на работно место УПР0101Б04000- 1 извршител, не се врши избор.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со арх.бр.19-717/2 од 24.01.2024 година, Директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците упати Барање за објавување на интерен оглас за унапредување на 6 (шест) административни службеници со бр.04-34/1 од 26.01.2024 година. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас бр.01/2024 година, за унапредување на 6 (шест) административни службеници во Агенцијата за остварување на правата на заедниците, објавен на 29.01.2024 година на веб страниците на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа Одлука, Комисијата за селекција на кандидати формирана од страна на Директорот со Решение бр.04-34/11 од 02.02.2024 година, на ден 07.02.2024 година, спроведе административна селекција односно изврши увид во пријавата и доставените докази за работното место број 3 од интерниот оглас број 01/2024 и состави Записник од административна селекција бр.04-34/13 од 07.02.2024 година, каде Комисијата утврди дека нема соодветно вид на образование согласно видот на образование во Правилникот за систематизација бр. 04-70/3 од 08.04.2022 година.

Врз основа на Предлог за избор на кандидат за наведеното работно место од поради горенаведените причини, директорот на Агенцијата за остварување на правата

на заедниците донесе Одлука за невршење избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Директор
Ерен Куртиш

Доставено до:
- Пријавени кандидати
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива
- Веб страна